| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Промени во природата во есен |
| **Содржина на денот** | „Кап, кап”-обработка на песна |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина Буш-Бошњакоска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор со децата за физичкото растојание и начинот на кој се изведува за зачувување на нивното здравје.<br>Разговор за формирање навики за хигиената на рацете и кога и зошто треба да се мијат. |
| **Активности** | Со децата излезете на тераса или прошетајте во блискиот парк. При прошетката насочете го вниманието на детето на се она што го опкружува (дрвја, трева, цвеќиња...). Поттикнете го на воочување на промените кои се случиле во годишното време есен:<br>-Времето е постудено!<br>-Лисјата на дрвјата ја менуваат бојата и почнале да паѓаат!<br>-На небото име облаци и од нив се почесто врне дожд!<br>Именувајте го годишното време есен.<br>Направете неколку вежби за правилно дишење, преку дување на балон.<br>Пуштете ја песната: “Кап, кап” и слушајте ја. По слушањето заедно со детето поразговарајте за текстот (ако во текстот на песната има непознат збор објаснето го значењето), потоа преминете кон нејзино заедничко пеење при што изведувајте движења според текстот на песната.<br>Текст на песната:<br>“Кап, кап”<br>Кап, кап<br>ситен дождец роси.<br>шлап, шлап,<br>секој чадор носи. |

| | |
|---|---|
| | Фиу, фиу,<br>студен ветер вее.<br>џив, џив,<br>тажно врапчо пее.<br><br>Прилог линкот од песната:<br>https://youtu.be/hGlyL1UAsoA |